РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
УП 1 бр. 08-158
22.04.2021 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21), точка 5 од Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.304/20) и точка 10 од Конкурсната документација за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година, а во врска со член 72, член 73, член 74 и член 75 став 1 од истиот Закон, член 93 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, постапувајќи по Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поднесена од физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-1683/2 од 21.04.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 11-та седница одржана на 21.04.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поднесена од физичкото лице Горан Кукиќ УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година

1. СЕ ОДБИВА Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поднесена од физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година, поради тоа што не ги исполнува програмските услови утврдени во Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година, согласно член 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа:

- доставените документи од програмски аспект (Образец за програмски концепт, Неделна програмска шема и Опис на планираните програмски содржини/емисии, наведени во програмската шема), поради нивната неконзистентност и меѓусебна неусогласеност не го потврдуваат исполнувањето на програмските услови за кои се доделува дозволата;

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

- поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт не може да се изврши бодување на два од критериумите за оценување на пријавите - застапеност на сопствена програма и на информации од локален карактер, а поради тоа што во Описот на планираните програмски содржини/емисии воопшто не се обезбедени информации за програмите со кои ќе се поттикнува развој и зачувување на националната култура, не може да се изврши бодување и за критериумот застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура;

- податоците за времетраењето на програмите прикажани во структурата на планираната неделна програма од Образецот за програмски концепт се разликуваат од податоците за времетраењето на видовите програми прикажани во Неделната програмска шема. Различни податоци се евидентирани кај програмите од сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна); и

- поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт, тој не може да се користи како основа за идни оценки на спроведувањето на програмскиот концепт во согласност со член 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ) на 45-та седница одржана на 17.12.2020 г., во врска со Писменото барање од заинтересирана страна, со дополнување, поднесено од страна на физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица, а согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции и изработената Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, наш арх.бр.08-4414/1 од 02.12.2020 г., донесе Одлука УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 г. за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис говорно – музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, и тоа: 91.0 MHz. Оваа одлука на 21.12.2020 година беше објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.304/20 и во два дневни весника и тоа: „Нова Македонија“ и „Коха“.

Краен рок за доставување на пријави за учество на јавниот конкурс беше до 22.03.2021 година, односно кандидатите на конкурсот требаше да поднесат пријава во рок од 90 (деведесет) дена, сметано од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката за објавување на јавниот конкурс во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Заклучно до 22.03.2021 година (крајниот рок за доставување на пријави), до АААВМУ беше доставена 1 (една) Пријава, со придружна документација, за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, и тоа: Пријава од кандидатот – физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица, заверена со наш УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година.

Јавното отворање на доставената Пријава за учество на јавниот конкурс од горенаведениот кандидат, се одржа 1 (една) недела по истекот на рокот за поднесување на пријавите, односно на 30.03.2021 г. (за што кандидатот – физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица беше уредно повикан со Допис - Известување за подносител на пријава арх.бр.08-158 од 24.03.2021 г.), на кое поднесената пријава беше разгледувана од

аспект на тоа дали истата е уредна, навремена и комплетна, односно дали ги содржи сите документи утврдени во член 73 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а кои се однесуваат за кандидат - физичко лице. На јавното отворање се водеше Записник од јавното отворање на пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица УП1 бр.08-158 од 30.03.2021 г.

Согласно член 74 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), АААВМУ ги оценува пријавите врз основа на следниве критериуми: предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production) и продукција на македонски аудио или аудиовизуелни дела; квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините, со што ќе се даде придонес за поголема разновидност и плурализам на македонскиот пазар; застапеноста на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура; предвидена застапеност на програми од независни продуценти и на европски аудиовизуелни дела; техничките услови за производство на програмите; просторните услови за вршење на дејноста; бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста; финансиската способност за остварување на дејноста за времето за кое се доделува дозволата и понудените гаранции; понуден рок на започнување со вршење на дејноста; и понудено време на дневно емитување.

Во член 74 став 3 од ЗААВМУ е пропишано дека АААВМУ во одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско или радио емитување, го утврдува начинот на бодирање на критериумите од напредцитираниот став 1 од овој член, при што на критериумите од алинеите 1 (предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production) и продукција на македонски аудио или аудиовизуелни дела), 2 (квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините, со што ќе се даде придонес за поголема разновидност и плурализам на македонскиот пазар ) и 3 (застапеноста на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура), треба да им биде доделен најголем дел од вкупниот број на бодови.

Во периодот од 30.03.2021 година до 12.04.2021 година, од страна на надлежните Сектори во АААВМУ се пристапи кон оценување на поднесената пријава по предметниот јавен конкурс, врз основа на критериуми утврдени во табелата во точка 5 од Одлуката УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво.

Критериумите утврдени во табеларниот преглед во точка 5 од напредцитираната одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, се оценуваат така што: Секторот за програмски работи ги оценува критериумите: застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production, во текот на неделата) – точка 1 од табелата, квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините – точка 2 од табелата, застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура - точка 3 од табелата, застапеност на информации и содржини во говорниот дел од програмата од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис (информации од локален карактер), во текот на неделата) - точка 4 од табелата и понудено време на дневно емитувана програма - точка 7 од табелата. Секторот за стратешко планирање и авторски права го оценува критериумот: бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста (најмалку 3 вработени, од кои 2 новинари со ВСС) - точка 5 од табелата. Секторот за финансии и логистика го оценува критериумот: понудени гаранции за финансиската способност за остварување на дејноста - точка 9 од табелата. Секторот за информатичка поддршка и општи работи ги оценува критериумите: технички услови за производство на програмите - точка 6 од табелата, просторни услови за вршење на дејноста - точка 8 од табелата и понуден рок на започнување со вршење на дејноста - точка 10 од табелата.

По разгледување на предметната Пријава и пропратната документација, Секторот за информатичка поддршка и општи работи изврши бодување при што додели 18 бодови, Секторот за финансии и логистика додели 7 бода, а Секторот за стратешко планирање и авторски права додели 8 бода. Воедно, Секторот за стратешко планирање и авторски права констатираше дека е потребно од подносителот на Пријавата да се

побара појаснување дали: 1.Тоа што во точка: 2 (Природа и обем на учество на кандидатот во сопственичката структура на радиодифузерот) не се наведени никакви податоци, значи дека тој ќе има удел од 100% во сопственичката структура на радиодифузерот; 2. Тоа што во точките 3 (Податок за други физички и правни лица кои ќе учествуваат во сопственичката структура на радиодифузерот) и 4 (Податоци за други физички и правни лица кои би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот (од аспект на поврзани лица во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – член 36)) не се наведени никакви податоци значи дека нема да има други физички и правни лица кои ќе учествуваат во сопственичката структура на радиодифузерот, ниту пак што би можеле да имаат значително влијание врз уредничката политика на радиодифузерот (од аспект на поврзани лица во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – член 36).

Секторот за програмски работи при разгледувањето на предметната Пријава констатираше дека иако се доставени сите документи од програмски аспект (Образец за програмски концепт, Неделна програмска шема и Опис на планираните програмски содржини/емисии, наведени во програмската шема), поради нивната неконзистентност и меѓусебна неусогласеност тие не го потврдуваат исполнувањето на програмските услови за кои се доделува дозволата. Поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт не може да се изврши бодување на два од критериумите за оценување на пријавите -застапеност на сопствена програма и на информации од локален карактер, а поради тоа што во Описот на планираните програмски содржини/емисии воопшто не се обезбедени информации за програмите со кои ќе се поттикнува развој и зачувување на националната култура, не може да се изврши бодување и за критериумот застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура. Исто така, податоците за времетраењето на програмите прикажани во структурата на планираната неделна програма од Образецот за програмски концепт се разликуваат од податоците за времетраењето на видовите програми прикажани во Неделната програмска шема. Различни податоци се евидентирани кај програмите од сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна). Дополнително, поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт, тој не може да се користи како основа за идни оценки на спроведувањето на програмскиот концепт во согласност со член 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Подетално, Секторот за програмски работи ги констатираше следните забелешки на Образецот за програмски концепт, и тоа: Во табелата од Т.4 (Структура на планираната неделна програма) од Образецот за програмски концепт прикажаните податоци во проценти во последната колона од табелата се погрешно пресметани. Прикажан е соодносот на говорниот дел (32:05:00 часа) во однос на времето на музиката (135:00:00 часа) наместо во однос на вкупното време од говорот и музиката (167:05:00 часа), како што се бара во табелата. Оттаму процентите во последната колона треба да бидат: за говорниот дел - 19.20% наместо 23.77%, за музиката - 80.80% наместо 76.23%. Во Т.6 (Предвидена застапеност на сопствена програма во говорниот дел од програмата на неделно ниво) е наведен погрешен податок (33 часа). Во табелата од Т.4 од Образецот за програмски концепт прикажаното траење на говорниот дел е 32:05:00 часа, колку што максимално може да биде прикажаното време во Т.6, доколку целокупниот говорен дел е од сопствено производство. Ако не е тоа интенцијата, треба точно да се прицизира времетраењето на сопствена програма во часови за да може да се направи бодување. Во Т.7 (Програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура) од Образецот за програмски концепт, со оглед на тоа дека одговорот е ДА (7 часа), како дополнително барање е наведено, за овој вид планирани програмски содржини, во документот Опис на програмите, да се обезбедат повеќе информации. Во наведениот документ нема информации кои се однесуваат на овој вид програми (за планираните 7 часа), поради што не може да се направи бодување. Во Т.9 (Содржини и информации од локален карактер во говорниот дел од програмата на неделно ниво – изразено во часови) од Образецот за програмски концепт се прикажани вредности во проценти (информативна ф-ја 25%, образовна ф-ја 30%, забавна ф-ја 45%) наместо во часови, како што се бара во точката. Можно е прикажаните проценти да се истите од табелата од Т.5 (по функции)

бидејќи се речиси истите. Или пак можно е да се мисли на процентуален сооднос во однос на апсолутните вредности по функции од табелата од Т.5. Во секој случај вредностите треба да бидат дадени во часови за да може да се бодува по соодветниот критериум и при доделувањето на дозволата и подоцна при анализа на спроведувањето на програмскиот концепт. Што се однесува до неусогласеноста од трите документи од програмски аспект, беа констатирани следните забелешки: Помеѓу податоците прикажани во табелата од Т.5 (по видови програми и по функции) и податоците прикажани во Програмската шема има извесни отстапувања. Прикажаното времетраење на видовите програми со информативна функција во табелата од Т.5 е 08 часа и 10 минути, а кога ќе се соберат содветните програми со информативна функција од Програмската шема се добива вкупен збир од 8 часа и 50 минути. Вишокот време се јавува кај вестите. Во табелата од Т.5 прикажаното времетраење на вестите е 4 часа, а во Програмската шема се наведени 28 емитувања во текот на неделата со траење од по 10 минути, што е еднакво на 4 часа и 40 минути. Една од наведените емисии („Во центар на внимание"), во документот Опис на програмите, е прикажана како забавно-информативна говорна програма (значи со забавна функција), а во Програмската шема е наведена како информативно-забавна програма (со информативна ф-ја). Поради краткиот опис, нејасно е каква функција претежно исполнува. Во Т.5 ја прикажале во информативно-забавна и според прикажаното времетраење на неделно ниво се поклопува таму. Прикажаното времетраење на програмите со образовна функција во табелата од Т.5 е 9 часа и 55 минути, а кога ќе се соберат прикажаните содржини во Програмската шема со образовна ф-ја, збирот е 10 часа и 30 минути. Разликата е поради времињата на образовно-забавната програма. Во Т.5 од Образецот прикажаното траење на овој вид програма е 7 часа и 45 минути, а кога ќе се соберат времињата на наведените емисии како образовно-забавни од Програмската шема, нивното траење е 8 часа и 20 минути. Една од образовно-забавните емисии („Добро утро дечиња") во Програмската шема е прикажана дека трае 50 минути, а во Описот е наведена како 40 минути. Прикажаното времетраење на програмите со забавна функција во Т.5 е 14 часа. Кога ќе се соберат прикажаните програми со забавна функција во Програмската шема и Описот, се добива збир од 11 часа и 30 минути. Разликата е 2 часа и 30 минути. Во табелата од Т.5 од Образецот, како вид програма со ова времетраење (2 часа и 30 минути) е наведена „Музичка програма" (најверојатно како некаква музичко-говорна програмска целина), која потоа не е прикажана ниту во рамки на Програмската шема, ниту во Описот на програмите е даден опис за ваква содржина. Прикажаните времетраења на емисиите во Програмската шема, најверојатно се однесуваат само на говорниот дел на емисиите, односно прикажаните емисии како да се составени само од говор, што во реалност е тешко остварливо. Кога ќе се соберат нивните вкупни времетраења прикажани во Програмската шема, упатуваат на податокот 30 часа и 50 минути, што е приближно на говорот што го навеле во Т4 и Т.5 – 32 часа и 5 минути. Доколку пак, се истрга времето на музиката што би била емитувана во рамки на прикажаните емисии, тогаш ќе се намали обемот на вкупен говор, што би влијаело на форматот на дозволата. Доколку пак во табелата од Т.5 е претставен говорот што бил планиран да се емитува во рамки на емисиите/програмските блокови, тогаш треба претставувањето во Програмската шема да претрпи измени, да се знае колку е планирано да трае секоја програмска содржина/програмски блок севкупно и внатре во секоја од нив да е јасно колку отпаѓа на говорниот дел, а колку на музиката. Во таква ситуација измени би требало да претрпат и описите во соодветниот документ. Во Програмската шема е прикажана програмска содржина со наслов „Ноќна програма", за која потоа нема опис во соодветниот документ и нејасно е дали станува збор за некаква говорно-музичка програмска содржина или исклучиво за музика. Нејзиното вкупно траење на неделно ниво е 21 час. Доколку има говор во неа, тоа може дополнително да влијае на вкупно прикажаниот говорен дел. Можно е оние 2 часа и 30 минути прикажани како „Музичка програма" во Т.5 од Образецот, кај програмите со забавна функција, да се евентуално говорен дел на „Ноќна програма", но тоа не е никаде појаснето/опишано. Нејаснотии има и во прикажаната музика. Според податоците од табелата од Т.4 од Образецот, планирано е да се емитуваат 135 часа музика неделно, а кога ќе се соберат ставките со музика прикажани во Програмската шема, се добива збир од 116 часа и 10 минути. Нејасно е дали програмската содржина

за која нема опис во соодветниот документ („Ноќна програма“) е евентуално само музика или е планиран и говор во неа, на што упатува насловот.

Имајќи предвид дека врз основа на ваквите констатации и забелешки од Секторот за програмски работи, се утврди дека горенаведените критериуми за оценување на пријавата предвидени во ЗААВМУ не се исполнети поради неспорен и недвосмислен факт, односно самата пријава содржи суштински и фактички грешки и недостатоци за кои е јасно дека недвосмислено и фактички произлегуваат од неможност и недостаток на барателот да ги исполни предвидените критериуми, а со оглед дека станува збор за недостатоци кои се настанати поради фактичка состојба, во која кандидатот во самата Пријава, односно во Образецот за програмски концепт направил пропуст, технички и аритметички грешки, кои не соодветствуваат и се спротивни на критериумите за оценување кои се облигаторни, а не релативни и како такви се утврдени во ЗААВМУ, како и дека трите документи од програмски аспект (Образец за програмски концепт, Неделна програмска шема и Опис на планираните програмски содржини/емисии, наведени во програмската шема), поради нивната неконзистентност и меѓусебна неусогласеност не го потврдуваат исполнувањето на програмските услови за кои се доделува дозволата, се одлучи Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поднесена од физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година, да се одбие, поради тоа што не ги исполнува програмските услови утврдени во Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година, согласно член 75 став 1 од ЗААВМУ.

Следствено на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11-та седница одржана на 21.04.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-1683/2 од 21.04.2021 година донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна и против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**
- подносителот на пријавата – Горан Кукиќ од Струмица;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори/служби во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).